Врз основа на член 20-г став 1, член 22 став 1 алинеја 2, став 3, став 8, став 13, и став 14 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19, 14/20,208/2024 и 210/24 ), член 14 став 2, член 22 став 1 алинеја 1, член 23, член 24, член 25, член 26, член 27 од Законот за работни односи („Службен Весник на РМ" број.167/2015, 27/16, 134/2016, 120/18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.110/19, 267/20, 151/21, 111/23, 39/25 и 74/25) и Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за животна средина и просторно планирање број 01-2372/1 од 03.05.2017 година... и 01-1878/3 од 22.05.2026 година, Министерството за животна средина и просторно планирање објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ-7 /2026**
**за вработување на (1) еден извршител на определено време за период до 31.12.2026 година во Министерството за животна средина и просторно планирање**

Министерството за животна средина и просторно планирање објавува Јавен оглас за вработување/засновање на работен однос за еден (1) извршител на определено време за период до 31.12.2026 за следното работно место:

1. **Помлад соработник за стручно оспособување, усовршување, оценување и следење на правична застапеност,** Одделение за управување со човечки ресурси, Сектор за управување со човечки ресурси и стратешко планирање **- 1 (еден) извршител;**

**Кандидатите треба да ги исполнуваат следниве општи услови:**

- да е државјанин на Република Северна Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолентен
- да има општа здравствена способност за работното место
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

Кандидатите покрај општите услови предвидени во Закон, потребно е да ги исполнат и:

**За работното место од точката 1 потребни квалификации:**

- ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен – Општествени науки - Право, и други општествени науки ( јавна управа и адмнистрација)
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски)
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- со или без работно искуство во струката;
- дневно работно време од 07:30/8:30 часот, до 15:30/16:30 часот, неделно работно време 40 часа – од понеделник до петок ;
- нето плата **34.177,00 денари**

Право на учество имаат сите граѓани на Република Северна Македонија кои ги исполнуваат условите за аплицирање. Кандидатите со пријавата за учество треба да ги достават доказите за исполнување на условите во оригинална форма или копија заверена кај нотар Во пријавата задолжително да се запише и да се наведе работното место за кое се аплицира. Потребната документација да се достави до Архивата на министерството или по пошта на следнава адреса: "бул.Пресвета Богородица бр.3, 1000 Скопје, Министерство за животна средина и просторно планирање, Одделение за управување со човечки ресурси (со назнака „за оглас бр.7/2026")".

Рокот за доставување на потребната документација е три дена сметано од денот на објавување на огласот во дневниот печат.

Ненавремена и нецелосна пријава и документација нема да биде предмет на разгледување.
По извршената селекција на пријавените кандидати за пополнување на наведените работни места, избраните кандидати ќе бидат дополнително повикани на интервју во просториите на Министерство за животна средина и просторно планирање, по што ќе биде направен конечниот избор .

Министерство за животна средина
и просторно планирање